# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА




Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА XII БРОЈ 64 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 НОЕМВРИ 2024 ГОДИНА


## Во овој број


**Страница 2**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА МАКЕДОНИЈА, АНТОНИО МИЛОШОСКИ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО ЗАМЕНИК МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ЗОРАН ДИМИТРОВСКИ

**Страница 3**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРОТ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ, ПРОФ. Д-Р НАТАША КОТЛАР-ТРАЈКОВА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ПРЕДАДЕ БЛАГОДАРНИЦА “ИЛИНДЕН” НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СВЕТСКИОТ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС, ТОДОР ПЕТРОВ

ПО БАРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ИНСТАТ ГО КОРИГИРА ЗБОРОТ „СЕВЕРНО МАКЕДОНЦИ” СО МАКЕДОНЦИ ВО ЦЕЛИОТ МАТЕРИЈАЛ ЗА ПОПИСНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

**Страница 4**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ УЧЕСТВУВАШЕ НА 68-ОТ КОНГРЕС НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИ НАЦИОНАЛНОСТИ

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА СО СВОЈ ШТАНД НА КОНГРЕСОТ НА ФУЕН ВО ХУСУМ, ГЕРМАНИЈА

**Страница 5**

ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ ИЗГЛАСА РЕЗОЛУЦИЈА ПОДНЕСЕНА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА

**Страница 6**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЗА ВРЕМЕ НА КОНГРЕСОТ ОСВАРИ СРЕДБИ СО ПРЕСТАВНИЦИ НА ФУЕН

СОБРАНИЕ НА ДЕЛЕГАТИ ФУЕН 2024: ПОВИК ЗА ЕВРОПСКА ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА И ПРОМОЦИЈА НА МАЛЦИНСТВАТА

**Страница 7**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ БЕШЕ ПРИСУТЕН НА ПОСТАВУВАЊЕТО НА КАМЕН-ТЕМЕЛНИКОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ПОСВЕТЕНА НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“, ВО БЕРЛИН

**Страница 8**

НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА АЛБАНИЈА ОДГОВОРИ НА ДОПИСОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЗА ЗАГРИЖЕНОСТА ОКОЛУ ПОПИСОТ

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА УПАТУВА НАЈОСТРА РЕАКЦИЈА НА БУГАРСКАТА АГРЕСИЈА ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА И АСИМИЛАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

**Страница 9**

ЗАВРШИ РЕСТАВРАЦИЈАТА НА ПЕШТЕРСКАТА ЦРКВА „СВЕТА БОГОРОДИЦА“ НА ОСТРОВОТ МАЛ ГРАД

**Страница 10**

ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВЛЕГУВА ВО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА НА ПОСЛЕДИПЛОМСКИТЕ СТУДИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ВО ТИРАНА

УЧИЛИШТЕТО ВО СЕЛО СМОЛИК ОБЛАСТА ГОЛО БРДО ВО КАТАСТРОФАЛНА СОСТОЈБА

**Страница 11**

ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА НОВ ПАТЕН ПРАВЕЦ КЕРСТЕЦ-ПАКИША-ЗАПОД ВО ПОДРАЧЈЕТО НА ОБЛАСТА ГОРА




## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА МАКЕДОНИЈА, АНТОНИО МИЛОШОСКИ



Претседателот на Македонското друштво ”Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај во Собрание на Република Македонија оствари работна средба со потпретседател на Собранието, Антонио Милошоски.

На работната средба го информирав г-дин Антонио Милошоски за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија, Воедно актуелизиравме прашања кои се однесуваат на проблемите на Македонците во Република Албанија и разгледани можностите за нивно решавање. Исто така, информирав и за активностите на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, кое со години е активен субјект сред македоската заедница во Република Албанија и значаен фактор во однос на македпнско-албанската соработка.

На средбата со Антонио Милошоски, од негова страна беше покажан исклучителен интерес за положбата на Македонците во Република Албанија и многу отворено се разговараше за можни активности за надминување на бројните проблеми на Македонците. Секако, во опсегот на неговите надлежности, искажа подготвеност да помогне за подобрување на малциските права на Македонците во Република Албанија.

За непосредната и срдечна средба, претседателот на Македонско друштво “Илинден”-Тирана топло му се заблагодарува на потпретседател на Собранието на Република Македонија, Антонио Милошоски.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО ЗАМЕНИК МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА, ЗОРАН ДИМИТРОВСКИ



Претседателот на Македонското друштво ”Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија на Република Македонија оствари средба со Зоран Димитровски, заменикот министер за надворешни работи и надворешна трговија.

На работната средба претседателот на Македонското друштво ”Илинден”-Тирана, го информираше Зоран Димитровски за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонско национално малцинство во Република Албанија.

Секако, Зоран Димитровски беше информиран и за активностите на Македонско друштво ”Илинден”- Тирана, кое со години е активен субјект сред македоската заедница во Република Албанија.

Заменикот министер за надворешни работи и надворешна трговија Зоран Димитровски покажа исклучителен интерес за положбата на Македонците во Република Албанија, и многу отворено се разговараше за можни активности за надминување на проблемите на Македонците во Албанија. Секако, во опсегот на неговите надлежности, заменикот министер за надворешни работи и надворешна трговија во Министерството за надворешни работи, искажа подготвеност да помогне за подобрување на малциските права на Македонците во Република Албанија.

За непосредната и срдечна средба, претседателот на Македонско друштво “Илинден”-Тирана топло му се заблагодарува на Зоран Димитровски, заменик министер за надворешни работи и надворешна трговија.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ РАБОТНА СРЕДБА СО ДИРЕКТОРОТ НА ДРЖАВНИОТ АРХИВ, ПРОФ. Д-Р НАТАША КОТЛАР-ТРАЈКОВА



Претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај во Државниот архив на Република Македонија оствари работна средба со проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова, директор на Државниот архив,. На средбата беше разговарано за намерите за потпишување Меморандум меѓу Државниот архив и Македонско друштво ”Илинден”-Тирана кој би опфатил повеќе проекти кои ќе се реализираат во иднина.

Двајцата соговорници заклучија дека е потребно да се формира архивски фонд како посебен вид на соработка кој би ја опфаќал историјата на македонските организации и дејноста на видни македонски активисти од Република Албанија. Државниот архив како институција ги поддржува сите активности на Македонското друштво “Илинден“-Тирана.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ПРЕДАДЕ БЛАГОДАРНИЦА “ИЛИНДЕН” НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СВЕТСКИОТ МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС, ТОДОР ПЕТРОВ

Претседателот на Македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај во името на Македонската заедница во Албанија му предаде благодарница “Илинден” на претседателот на Светскиот Македонски Конгрес, Тодор Петров за живот и дело.



- Ми беше огромна чест во името на Македонското друштво “Илинден” во Тирана да му предадам благодарница “Илинден” на претседателот на Светскиот Македонски Конгрес Тодор Петров за живот и дело и за се’ што сторил за Македонците во Албанија во изминатите 30 години, – изјави претседателот на Македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај.

По тој повод, Тодор Петров изјави: Благодарам на вниманието и благодарницата “Илинден”. Посакувам унапредување на положбата и правата на Македонците во Албанија. Кошмарот со антимакедонските политики на Софија нека стане трајно минато свршено време меѓу Македонците во Албанија. И никогаш не заборавајте ги македонските корени, секогаш негувајте ги македонскиот јазик, култура и историја на целата територија на Албанија.

Бидете единствени и обединети во одбрана на идентитетот на Македонскиот народ во Албанија и името на државата Македонија, останете и натаму лојални државјани на Албанија, затоа што колку е албанска, Албанија толку е и ваша македонска држава! Македонските со албанските партизани заедно и во Втората светска војна ги поразија наци-фашистите и балистите и се вградија во темелите на државата Албанија.

И затоа и Вам правата и слободите како еднакви со еднаквите и рамноправни со рамноправните. Посакуваме она што го имаат Албанците во Македонија, тоа да важи и за Македонците во Албанија, – изјави претседателот на Светскиот Македонски Конгрес.

## ПО БАРАЊЕТО НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ИНСТАТ ГО КОРИГИРА ЗБОРОТ „СЕВЕРНО МАКЕДОНЦИ” СО МАКЕДОНЦИ ВО ЦЕЛИОТ МАТЕРИЈАЛ ЗА ПОПИСНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Македонското друштво “Илинден”-Тирана објави дека албанскиот Институт за статистика ги информирал дека во целиот материјал за пописните резултати зборот „северно Македонци” го коригирал со Македонци.

Ова е уште еден успех на Друштвото, по нашето барање доставено на 10-ти минатиот месец до Институтот за статистика каде најостро ја осудивме злоупотребата на терминот „северно Македонци“ од Институтот за статистика за македонското национално малцинство, кое од секогаш е признато во Република Албанија, стои во објавата

на друштвото. Во објавата се додава дека Институтот за статистика на Република Албанија „позитивно одговорил на барањето и во целокупниот материјал за пописните резултати сега стои Македонци”.

Идентичен одговор ИНСТАТ доставил и до Народниот правобранител, кој по дописот на Македонското друштво “”Илинден”-Тирана и искажаната загриженост за навредливото идентификување на Македонците, побара одговор од Институтот.
Омбудсманот уште побара од Институтот да „гарантира почитување на националната припадност на македонската заедница”. Соопштувајќи ги прелиминарните пописни резултати на 28 јуни, во прегледот за етничка припадност, на албански јазик наместо Македонци го пишуваше името на државата – Македонија, што беше само за Македонците и „северно Македонци“ на англиски јазик. Сега тоа е сторено на целиот материјал во кој се содржани резултатите од пописот, спроведен од 30 октомври до 16 ноември минатата година, за што ИНСТАТ достави соопштение и до медиумите.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ УЧЕСТВУВАШЕ НА 68-ОТ КОНГРЕС НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИ НАЦИОНАЛНОСТИ



Претседателот на Македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај учествуваше на 68-от Конгрес на Федералната унија на европски националности, што се одржа во Хусум, Германија од 19 до 22 септември 2024 година. Присутни беа околу 30 земји членки на ФУЕН кои разменија мислења за актуелните случувања во политиката на малцинствата. Друштвото со свои претставници веќе девет години, од кога е рамноправна членка на ФУЕН, редовно учествува на сите конгреси и други активности.

„Учествуваме и на овој конгрес чиј домаќин е организацијата на Севернофризите, а ќе трае до недела. Инаку, ФУЕН годинава одбележува 75 години постоење и понатаму останува главен застапник за правата на малцинствата во Европа“, вели за Македонски весник “Илинен” Ѓурѓај.

Тој додаде дека овој јубилеј нема да биде само настан на пресек на она што ФУЕН го постигнал за 75 години, туку и за она што треба да се постигне за да се „гарантира заштитата и промоцијата на малцинските јазици и култури во Европа“. Македонско друштво ”Илинден”-Тирана член е на ФУЕН е од 16 мај 2015 година и е дел од работната група на словенските малцинства. Во овој период редовно учествува на Конгреси и други активности, а по предлог на друштвото усвоена е и Резолуција за положбата на македонското малцинство во Република Албанија. Претседателот на македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај во рамките на ФУЕН конгресот во Хусум учествуваше на состанок на работна група на словенски малцинства.

Претседателот на македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај во рамките на ФУЕН конгресот во Хусум учествуваше на работен состанок на работна група на словенски малцинства (АГСМ) при Федералната унија на европските националности (ФУЕН).

Освен активното учество на конгресот што се одржа во Хусум, Германија учествував и на состанок на работна група на словенските малцинства, при ФУЕН. Разговаравме за проблемите на словенските малцинства во Европа. Секој од нас имаше кратка презентација, при што јас посебно се задржав околу проблемите што ние Македонците ги имавме со пописот на населението спроведен во Република Албанија пред една година, за што добро е запозната јавноста, рече Ѓурѓај за Македонски весник “Илинден”.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА СО СВОЈ ШТАНД НА КОНГРЕСОТ НА ФУЕН ВО ХУСУМ, ГЕРМАНИЈА

Претседателот на македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај учествуваше на конгресот на Федералната унија на европски националности што се одржа во Хусум, Германија. Друштвото со свои претставници веќе девет години, од кога е рамноправна членка на ФУЕН, редовно учествува на сите конгреси и други активности. Во рамки на активностите на овој значаен собир, со свој штанд се претстави и нашето Друштво.

Имаме пропаганден материјал на кој се претставени македонските носии, убавините на областите каде што живеат Македонците во Албанија, како и примероци од единствениот весник на македонски јазик “Илинден“.

Искрен да бидам штандот побуди голем интерес кај учесниците, а беше посетен од голем број

заинтересирани, како и од Винче Лорант, претседател на ФУЕН - изјави Никола Ѓурѓај, претседател на Друштвото.

Ѓурѓај, кој учествува на Конгресот, додава дека посебно место на штандот бил отстапен за примероците од фото албумот „Народни носии на македонското национално малцинство во Република Албанија“, што неодамна беше промовиран во Тирана.

Според него и претставниците на другите малцинствата од Европа, на свои штандови се претставиле со пропаганден материјал.

Македонското друштвото “Илинден“-Тирана член на ФУЕН е од 16 мај 2015 година и е дел од работната група на словенските малцинства. Во овој период редовно учествува на конгреси и други активности, а по предлог на друштвото усвоени се и Резолуции за правата на македонското малцинство во Албанија.



## ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ ИЗГЛАСА РЕЗОЛУЦИЈА ПОДНЕСЕНА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА






Федералната унија на европските националности (ФУЕН) на 68-от Конгрес што се одржуваше во Хусум, Германија, едногласно усвои Резолуција поднесена од Македонско друштво “Илинден”-Тирана.

**Резолуција поднесена од Македонско друштво “Илинден”-Тирана**

1. Македонско друштво “Илинден“-Тирана и македонско национално малцество во Република Албанија бара од Владата на Република Албанија, досегашното тело Комитетот за национални малцинства од консултативно тело на Владата да прерасне во Агенција за национални малцинства со посериозни и обврзувачки ингеренции за афирмација на националните малцинства во Република Албанија. Комитетот за националните малцинства е формиран во 2004 година од страна на албанската Влада како централна институција формирана од Владата, со задача да ја подобри заштитата на малцинствата во земјата. Како што е утврдено во многу извештаи на меѓународни институции кои се занимаваат со правата на малцинствата, оваа институција е подложна на политичко мешање, што резултира со нејзина целосна контрола од извршната власт и нејзина трансформација од тело за заштита на малцинствата, во тело штетно за дијалогот меѓу Владата и малцинствата. Затоа, сметаме дека Комитетот за националните малцинства треба да биде независен и активен глас на малцинствата, со способност да учествува во дијалог со Владата за заштита и подобрување на правата на малцинствата во Република Албанија, а неговата работа да биде јавна и присутна на медиумите во државата.

ФУЕН ја повикува Владата на Република Албанија да:

• Размислете за промена на сегашниот Комитет на националните малцинства од консултативно тело во независна Агенција на националните малцинства која ќе има посериозни и обврзувачки надлежности за ги афирмира националните малцинства во Република Албанија. Резолуција, Федералната унија на европските националности (ФУЕН) ќе ја достави до Владата на Република Албанија, шефот на државата, парламентот, комитетот за национални малцества, комисарот за дискриминација, амбасади и меѓународните институти. Македонско друштво ”Илинден”-Тирана од 16. 05. 2015 година е член на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) и стана прво друштво на Македонци надвор од матичната држава, во Европа, кое е рамноправен член, со право на глас. На Конгресот присуствувале претставници од 105 организации членки од 36 земји во Европа.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЗА ВРЕМЕ НА КОНГРЕСОТ ОСВАРИ СРЕДБИ СО ПРЕСТАВНИЦИ НА ФУЕН

Претседателот на Македонско друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај за време на 68-от Конгрес на ФУЕН оствари средби со Лорант Винце, претседател на Федералната унија на европски националности и пратеник во Европскиот Парламент, г-дин Наби Ибраимтзик потпретседател на Федералната унија на европски националности, Претседателот на работната група на словенски малцинства (АГСМ) г-дин Хартмунт Липнер. Исто така, имаше средба со Јеан Фаивре преставник на Алсатианс германско говорно население од француския регион Алзас и Дејан Чулафиќ, Директор на Заедницата на Црногорците во Албанија и г-ѓа Наталиа Ермаков, Претседателка на Естонски сојуз на национални малцинства.


**Г-дин Лорант Винце, претседател на Федералната унија на европски националности и пратеник во Европскиот Парламент**



**Г-дин Наби Ибраимтзик потпретседател на Федералната унија на европски националности**



**Претседателот на работната група на словенски малцинства (АГСМ) г-дин Хартмунт Липнер**


**Јеан Фаивре преставник на Алсатианс германско говорно население во регион Алзас, Дејан Чулафиќ, Директор на Заедницата на Црногорците во Албанија**


**Г-ѓа Наталиа Ермаков Преседател на Естонски сојуз на национални малцинств**

## СОБРАНИЕ НА ДЕЛЕГАТИ ФУЕН 2024: ПОВИК ЗА ЕВРОПСКА ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА И ПРОМОЦИЈА НА МАЛЦИНСТВАТА



Третиот ден од Конгресот на ФУЕН е традиционално посветен на нашите повеќе од 100 организации членки: За време на Собранието на делегати, размислуваме за изминатата година и донесуваме важни одлуки за иднината. Оваа година, ФУЕН уште еднаш усвои сеопфатна главна резолуција на своето собрание на делегати, што се одржа на 21 септември во Хусум Германија. Ова бара развој на европска правна рамка за заштита и промоција на автохтоните национални малцинства. Во резолуцијата се наведува: „ Ситуацијата на неколку автохтони национални и јазични малцинства во светот, а особено во Европа, се влошува, со загрижувачки пад на заштитата на малцинствата. на 3-4 март во Брисел Конференцијата препорача ФУЕН да се залага за сеопфатна правна рамка на ЕУ со јасни стандарди за заштита за ефективно да се заштитат и промовираат правата на националните и јазичните малцинства, вклучително и нивната култура, јазик и идентитет, и да започне нов форум за соработка на граѓанските организации фокусиран на малцинските права“.

**Во однос на содржината, резолуцијата е поделена на четири централни области:**

**Европска Унија:** ФУЕН повикува на создавање на сеопфатна правна рамка на ЕУ за заштита и промоција на автохтоните национални малцинства. Ова треба да воспостави хармонизиран европски стандард кој ги штити и колективните и индивидуалните права на малцинствата, особено во однос на нивната култура, јазик и идентитет. Малцинствата треба да бидат способни да дејствуваат како еднакви граѓани во сите области од животот. Културната и јазичната разновидност на овие малцинства се истакнува како суштински дел од европскиот начин на живот кој мора активно да се поддржува. ФУЕН, исто така, бара од Европската комисија да ја преиспита иницијативата за малцински SafePack. Комисијата е повикана да развие европска стратегија и правни мерки врз основа на МСПИ. Дополнително, ЕК треба да формира советодавно тело кое ќе обезбедува стручни совети за креирање политики и спроведување на законодавството на ЕУ што се однесува на автохтоните национални малцинства во ЕУ и нејзиното соседство.
Совет на Европа: Советот на Европа треба да даде приоритет на заштитата на малцинствата и да ја зајакне

соработката со граѓанското општество активно на полето на заштитата на малцинствата. Дополнително, се препорачува формирање на парламентарно тело за автохтони национални малцинства во рамките на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

**Обединети нации (ОН):** ФУЕН препорачува формирање постојан форум за малцинските прашања во ОН и ги поддржува напорите на специјалниот известувач на ОН за малцински прашања да води активен дијалог со граѓанското општество активно на полето на заштитата на малцинствата.

**Граѓанско општество:** ФУЕН би сакал да ја подобри соработката помеѓу европските граѓански организации кои ги претставуваат автохтоните национални малцинства преку формирање на Европскиот совет за малцинства.

Дополнително, беа усвоени уште осум резолуции:
• за вербалните напади врз Турците на Родос, Кос и додеканеските острови во грчкиот парламент
• до загрозените бретонски имиња на места во Бретања (Франција)
• до Комитетот за национални малцинства во Албанија
• за откажување на регистрацијата на Здружението за култура и спорт на Западна Тракија Фенербахче
• за каталонскиот како официјален јазик на ЕУ
• за извонредниот образовен систем во Каталонија
• за регистрација на генерички термини на регионалните и малцинските јазици како заштитени трговски марки
• за заштита на домородното население на Кримските Татари и националните малцинства во Украина

**Донесени се и следните одлуки**
Беа направени измени на четири члена од статутот на ФУЕН. Една од овие измени се однесува на членот 24, со цел да се осигура дека јазичната и географската разновидност на организациите членки на ФУЕН подобро се одразуваат во Президиумот.

**EUROPEADA 2028** ќе се организира во Фриули-Венеција-Џулија, на северо-источниот дел на Италија. Домаќини ќе бидат словенечките и фрилијанските организации членки на ФУЕН од Италија (Совет на словенечки организации; Словенечко културно-економско здружение; фрилијанско филолошко друштво).

**Конгресот ФУЕН 2025** ќе се организира во Јужен Тирол (Италија). Домаќин ќе биде нашата организација членка, Јужнотиролската народна партија (СВП), која ги претставува германските и ладинските јужнотиролци. Конгресот најверојатно повторно ќе се одржи во септември.
Собранието на делегати прифати две организации како здружени членки на ФУЕН:
Централна асоцијација на словенечки организации во Корушка, Австрија
Германска заедница во Клаипеда, Литванија
Дополнително, Собранието на делегати назначи четири организации како организации-членки за поддршка на ФУЕН: Ромски образовен центар за возрасни – Австрија
Шведското собрание на Финска – Финска
НВО „Дуслик“ – Украина
Унгарска граѓанска моќ – Романија
Собранието на делегати, исто така, одлучи да го промени статусот на членство на организациите членки на ФУЕН „Plataforma per la Llengua“ и Црногорската заедница во Албанија – Елбасан од придружно во обично членство.
Президиумот на ФУЕН, исто така, го прифати професорот Бенгт-Арне Викстром како индивидуален член на ФУЕН.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ БЕШЕ ПРИСУТЕН НА ПОСТАВУВАЊЕТО НА КАМЕН-ТЕМЕЛНИКОТ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ПОСВЕТЕНА НА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ", ВО БЕРЛИН



Претседателот на македонското друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај беше присутен на поставувањето на камен-темелникот за изградба на Македонската православна црква посветена на Св. Климент Охридски" во Берлин. На покана на Централниот совет на Македонците во Германија, заедно со Македонски Клуб "Илинден"-Латзен партнерски организаци на Македонско друштво "Илинден"-Тирана.
Тој посочи дека остварил куса, но многу срдечна средба со поглаварот на МПЦ-ОА, г.г. Стефан, како и со владиците кои го придружувале. „Престојот во Берлин го искористив и за средба со претставниците на партнерските организации кои ги запознав со актуелните случувања во Албанија поврзани со нас Македонците. Договоривме заеднички активности во иднина“.





Неговото Високопреосвештенство г. Пимен Митрополит Европски

## НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НА АЛБАНИЈА ОДГОВОРИ НА ДОПИСОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ЗА ЗАГРИЖЕНОСТА ОКОЛУ ПОПИСОТ




Народниот правобранител на Албанија одговори на дописот на Македонското друштво "Илинден"-Тирана, во однос на загриженоста и вознемиреноста на Македонците, околу случувањата со пописот на населението во Албанија и прикажаните „неверодостојни потадоци".

Народниот правобранител беше информиран за проблемите околу пописот и влијанието на бугарските дипломатски претставници за да се намали бројот на Македонците и проблемот со терминот Северна Македонија за Македонците, на албански јазик, што беше само за нас и „северно Македонци" на англиски јазик, од Институтот за статистика, ИНСТАТ, на прегледот за резултатите за етничката припадност, рече Никола Ѓурѓај, претседател на друштвото.

Во одговорот меѓу другото стои дека во однос на првата загриженост на припадниците на македонското малцинство, дека резултатите се фалсификувани и изманипулирани, со цел намалување на бројот на прпадниците на македонското малцинство побарале објаснување од ИНСТАТ, но не добиле одговор.

Што се однесува до втората вознемиреност, околу употребата на терминот „Северна Македонија" на албански јазик и „Сверено Македонци" на англиски, во прегледот за етничката припадност, побаравме од ИНСТАТ да гарантира почитување на националната припадност на македонската заедница, стои во одговорот на народниот правобранител.

Народниот правобранител во одговорот се заблагодарува за искажаната доверба на Македонското друштво "Илинден"-Тирана како кон институција и додава дека и во иднина, како и до сега, максимално ќе се ангажира во почитувањето на правата на националните малцинства и заштита на нивните права согласно меѓунароните стандрарди.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА УПАТУВА НАЈОСТРА РЕАКЦИЈА НА БУГАРСКАТА АГРЕСИЈА ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА И АСИМИЛАЦИЈА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА




Македонско друштво "Илинден"-Тирана упатува најостра реакција за донацијата во село Глобочани, Општина Пустец на 14.09.2024 год. каде „свечено" се отвораше модуларна амбуланта, донација на фондацијата „Бугарска меморија". Ваквата наша реакција се темели на антимакедонската пропаганда за оваа наводна фондација која непречено ја шири својата пропаганда во регионите каде што живеат Македонците во Република Албанија.

За жал, на овој антимакедонски чин присуствувале ченови на бугарска делегација предводени од амбасадорот на Бугарија во Тирана, Ивајло Киров и Софика Мале преставник на фондацијата „Бугарска меморија" за Република Албанија.

За жал присуствувал и градоначалникот на Општина Пустец, Пали Колефски кој му врачил специјално изработена плакета на негаторот на македонската нација, Милен Врабевски.

Управата на Општина Пустец во последниот и актуелниот мандат беше и останува сервилна кон бугарската пропаганда, пречекувајќи ги бугарските претставници кои со материјална помош за Општината Пустец, во областа Мала Преспа се обидуваат да го одродат македонското население и да го прикажат како Бугари во Република Албанија.

Очигледно, само на градоначалникот Пали Колефски не му е јасна оваа антимакедонска мисија на бугарските фондации, а не подобрувањето на благосостојбата на жителите.

Како Македонци и заштитници на македонскиот национален идентитет во Албанија, Македонско друштво "Илинден"-Тирана ги повикува институциите во Република Албанија да преземат конкретни мерки за заштита на македонскиот идентитет и македонското културно наследство. Недозволиво е Македонците во Република Албанија да бидат изложени на манипулации и притисоци од фондации со скриени политички мотиви. Сите донации што се наменети за подобрување на животот на Македонците се добредојдени, но никогаш нема да прифатиме тие да бидат користени за промовирање на лажни наративи. Време е албанската Влада да го зајакне своето присуство и инвестиции во регионите Голо Брдо, Мала Преспа, Гора и Врбник населени со Македонци, како јасен сигнал дека Македонците во Република Албанија се дел од државата и дека нивните права и идентитет ќе бидат заштитени и гарантирани.

Знаеме и тоа дека бугарската агресивност кон нас Македонците, кои не сакаме да газиме по сопственото македонско чувство, треба да ја запрат само институциите на државата во која живееме, Република Албанија.

Македонците во Република Албанија не сакаат да поверуваат дека ваквите притисоци врз нив од страна на бугарскиот амбасадор Ивајло Киров ќе поминат без реакција од страна на албанската власт. Ваквите антимакедонски атакувања врз нас како Македонци треба да бидат наш последен крик кон институции за заштита на македонското малцинство во Република Албанија. Воедно, очекуваме реакција и од меѓународната заедница кон својата членка, Бугарија, поради нарушување на нашето основно човеково право да се декларираме како Македонци.

## ЗАВРШИ РЕСТАВРАЦИЈАТА НА ПЕШТЕРСКАТА ЦРКВА „СВЕТА БОГОРОДИЦА“ НА ОСТРОВОТ МАЛ ГРАД



Заврши реставрацијата на пештерската црква „Света Богородица“ на островот Мал Град, кај Пустец, Мала Преспа, што се одвиваше под надзор на Регионалната дирекција за културно наследство од Корча.

„Уште едно исполнето ветување за заедницата на Преспа и културното наследство благодарение на работата на Општина Пустец и партнерите. Заврши процесот на реставрација на црквата 'Света Богородица' на островот Мал Град. На виделина излегоа дел од извонредните византиски фрески, а беше поставена и надворешна врата изработена според оригиналната која се наоѓа во музејот на средновековната уметност во Корча“, објави Пали Колефски градоначалник на Пустец.

Исто така санирана е и патеката до неа и поставено осветлување со што се добива „прекрасен панорамски поглед и ги евидентира уметничките и архитектонските вредности на објектот“.

Проектот кој е продолжение на проектот СмартКулТур"е финансиран од Европската Унија преку ИПА Програмата за прекугранична соработка, со ангажман на општините Битола и Пустец, Дирекцијата на музеите на Битола, Регионалната дирекција за културно наследство Корча и Младинскиот културен центар – Битола. Оваа соработка ја подигна на ново ниво релацијата меѓу нашите институции и држави ,посочува Колефски.

Пештерската црква „Света Богородица“, со својот фрескоживопис отскокнува од другите пештерски цркви расфрлани по бреговите на Преспанското и Охридското Езеро. Врз основа на записите сочувани на неа, оваа црква претрпела три измени. Во првиот натпис пишува дека основач на црквата е Бојко



со жена му Евдокија во 1345 година. Во вториот натпис, пишува дека црквата е возобновена во 1369 година од Кесар Новак, неговата жена Кали, неговиот син Амирал и неговата ќерка Марија. Третиот натпис датира во 1607 година, кога е насликана надворешната западна фасада. Внатрешноста на црквата е целосно живописна и е доста позната по ѕидните фрески од византискиот палеолошки стил. Островот Мал Град се наоѓа на три километри од Пустец, на југоисточниот брег на Преспанското Езеро.

## ПРЕДМЕТОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВЛЕГУВА ВО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА НА ПОСЛЕДИПЛОМСКИТЕ СТУДИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ВО ТИРАНА




Предметот македонски јазик, влегува во редовната наставна програма на последипломските студии на Факултетот за странски јазици во Тирана. Се работи за нова, современа, иновативна и интердисциплинарна насока на постдипломските студии „ИНТЕРКУЛТУРНА ТРИЈАЗИЧНА КОМУНИКАЦИЈА ВО ТУРИЗМОТ“. Во рамки на оваа насока, студентите избираат три од понудените јазици, кои се изучуваат паралелно со совладување на нивниот социо-културен контекст.

Целта на наставната програма на овие постдипломски студии е создавање на висококвалификувани кадри кои со својот космополитски и полиглотски поглед на светот, ќе ги разбиваат јазичните бариери и ќе создаваат нови мостови меѓу културите преку туризмот. Студиската програма за магистерски науки по „Меѓукултурен јазик и комуникација и тријазичен туризам“ (2 години, 120 кредити) доаѓа со иновација за академската 2024-2025 година.

Оваа целосно реструктуирана програма благодарение на соработката со бизнис и туристичката индустрија во земјава, странските партнерски универзитети и меѓународните експерти во оваа област е златна можност за сите студенти кои имаат страст за комуникација, странски јазици, култура, патување и туризам.

Новата наставна програма е во согласност со највисоките стандарди на оваа струка и ќе биде изработена на 3 (три) странски јазици. Модулите кои се нудат врз основа на компетенции и проектот им даваат повеќе простор на професионалните и технолошките вештини на студентот. За прв пат стручната пракса ќе се протега во текот на 3 (три) семестри со што студентот ќе има можност да биде поблиску до професијата и пазарот на трудот.

Факултетот за странски јазици ве поканува да ја направите оваа студиска програма дел по ваш избор, која ви гарантира професионален развој и итно вработување веднаш од аудиториумот.
Иницијативата за повторно отворање Лекторат по македонски јазик во Тирана беше отпочната во декември минатата година, кога беше остварен работен состанок меѓу директорката на МСМЈЛК при УКИМ, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска и Никола Ѓурѓај, претседателот на Македонско друштво “Илинден“. Тогаш беше и доставено барање до УКИМ за отворање на Лекторатот на Факултетот за странски јазици во Тирана. По више информаци на линкот : https://fgjh.edu.al/komunikim-nderkulturor-dhe-turistik-trigjuhesh/

## УЧИЛИШТЕТО ВО СЕЛО СМОЛИК ОБЛАСТА ГОЛО БРДО ВО КАТАСТРОФАЛНА СОСТОЈБА

Училиштето во селото Смолик областа Голо Брдо во катастрофална состојба во Административна единица Зерќан во општина Булќиза нема соодветна образовна зграда. Учениците од ова село учат во куќа оставена на користење од жител на селото.

Иако бројот на ученици е мал, тие немаат реална средина за развој на процесот на учење. Куќата каде што предаваат се наоѓа на работ на селото и е среде вегетацијата. Учениците велат дека се плашат да



одат на училиште бидејќи им се заканувaат диви животни. Бараат училиштето да се одржи внатре во селото за барем тие да бидат безбедни.

Во меѓувреме, раководителите на образованието во општина Булќиза рекоа дека се бара решение за ова село, каде за неколку дена, средина во селото ќе биде достапна за учениците и наставниците. Поради географската положба, учениците не можат да се префрлат во други училишта, па единствено решение е да ги има во рамките на селото Смолик.

## ПУШТЕН ВО УПОТРЕБА НОВ ПАТЕН ПРАВЕЦ КЕРСТЕЦ-ПАКИША-ЗАПОД ВО ПОДРАЧЈЕТО НА ОБЛАСТА ГОРА



Жителите на селата Керстец-Пакиша-Запод во областа Гора со децении многу страдаат од немањето патна инфраструктура, поради што се казнувани економски и во секој аспект од нивниот развој. Кога првпат ги посетивме и ја видовме непристојната состојба на патиштата во овие области, ветивме дека како министер ќе дадеме се од себе за да ја средиме патната инфраструктура.

Тоа е она што го направивме, внимавајќи проектот за изградба на патишта што ги поврзуваат Косово и Албанија, кој исто така беше дел од протоколот потпишан меѓу двете влади, да се реализира прецизно и денес да биде реалност. Проектот е инвестиција на ММЗЗИ со должина од 6,3 километри и инвестиција од 2,6 милиони евра.

Добредојдени како што е великодушната традиција на жителите на Гора, заедно со премиерот на Републиката, Албин Курти, заменик министерот Дурмиши, пратеникот Пандели Мајко, Намик Докле од областа Гора поранешен вицепремиер и претседател на парламентот на Албанија, како и со амбасадорите, овој проект е витален за областа Гора.

Во областа Гора во Албанија распослани се 9 села и во областа Гора во Косово распослани се 18 села, населени со Македонци со муслиманска вероисповест.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

# ЗАПОЗНАЈ ЈА МАКЕДОНИЈА!

